**ДО:** **Агенција за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. Гоце Делчев бр. 18, Скопје

**ОД:** В. П.

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Примено / Pranuar: 12.08.2025
Орг. един. / Njësia org.: 08 | Број / Numri: 4 | Прилог / Pranoi | Вредност / Vlera
Архивски знак / Shenja arkivore
Рок на чување / Afati për ruajtje
20__ година / viti

Скопје , 12.08.2025 година

**ПРЕДМЕТ:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер(Службен весник на Република Северна Макадонија број 101/2019), барам Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер, да ми овозможи слободен пристап до следните информации од јавен карактер:

1. Дали во врска со решенијата У-6 бр.408/2023; У-6 бр.409/2023 и У-6 бр.410/2023 на Управниот суд со кој ги отфрли жалбите на Македонската спортска стрелачка федерација како недозволени, Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер ги примени према Македонската спортска стрелачка федерација прекршочните одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и покрај одговорот што сте го добиле од Македонската спортска стрелачка федерација по вашето барање, дека во тек биле постапки кои се водат пред Основното јавно обвинителство и пред Основниот граѓански суд?
2. Дали Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер, во изминатите 5 години, ја има прекршочно казнето Македонската спортска стрелачка федерација спрема одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради одбивање на барателите да им доставува информации од јавен карактер?
3. Дали и во кои случаи недавањето на информации од јавен карактер понесува кривична одговорност за одговорното лице воимателот на информациите од јавен карактер?

Бараните информации од јавен карактер, барам да ми биде доставени во писмена форма , на следниот е-маил:

Подносител на барањето:

В. П.